Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2007 година.

Бр. 07-5644/1
29 декември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД

Член 1

Во Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 70/94, 71/96, 28/97, 8/2001, 50/2001, 2/2002, 44/2002, 96/2004, 120/2005, 52/2006 и 139/2006 ), во членот 6 точка 6 по зборот "односно" се додаваат зборовите: "за вработените во нестопанството".

По точката 7-а се додава нова точка 7-б, која гласи:

"7-б надоместок на трошоците на волонтерите за исхрана, превоз до и од местото на волонтирањето, за службени патувања и за обука;".

Во точката 25 зборовите: "слободна економска зона, односно на" се бришат.

Член 2

Во членот 14-а став 1 точка 1 по зборот "односи" се става запирка и се додаваат зборовите: "Општиот колективен договор за стопанството во Република Македонија и прописите за органите на државната управа".

Член 3

Во членот 15 став1 точката 1 се менува и гласи:

"1) остварената бруто плата намалена за придонесите и личното ослободување, бруто износот на надоместоци на трошоци од работен однос што се исплатени над износите утврдени во членот 6 од овој закон и бруто износот на сите други надоместоци утврдени со Законот за работните односи, Општиот колективен договор за стопанството во Република Македонија, Гранскиот колективен договор, гранските колективни договори и прописите за органите на државната управа;".

Во точката 5 по зборот "односи" се става запирка и се додаваат зборовите: "Општиот колективен договор за стопанството во Република Македонија, гранските колективни договори и прописите за органите на државната управа".

Точката 6 се менува и гласи:

"6) бруто платата намалена за придонесите и личното ослободување и бруто износот на надоместоци на трошоци од работен однос што ги остварува резидентот кој работи во странски дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации во Република Македонија, што се исплатени над износите утврдени во членот 6 од овој закон и бруто износот на сите други надоместоци утврдени со Законот за работните односи, Општиот колективен договор за стопанството во Република Македонија и прописите за органите на државната управа;".

Член 4

Во членот 30-ѕ точка 5 зборовите: "износот утврден во членот 6 точка 6-а на овој закон " се заменуваат со зборовите: "исплатениот износ".

Член 5

Во членот 49 став 2 зборовите: "разликата меѓу износот на каматата и износот пресметан по стапката на пораст на цените на мало во соодветниот период " се заменуваат со зборовите: "износот на пресметаната камата".

Член 6

Во членот 71 став 1 по зборот "дејноста" се додаваат зборовите: "или остварувањето на приходите".

Член 7

Во членот 73 став 2 точка 2 зборовите: "до 15 март" се бришат.

Член 8

Членот 94-а се менува и гласи:

"Кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените, кои потекнуваат од приходи на кои не е утврден данок или не е доволно утврден, органот за јавни приходи донесува решение за утврдување на данокот на тој приход."

Член 9

Членовите 94-б и 94-в се бришат.

Член 10

Во ПЕТТИ ДЕЛ насловот "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ" се заменува со нов наслов и се додава нов член 143-а, кои гласат:

"КАЗНЕНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 143-а

Лицето кое во својство на одговорно лице кај правното лице, а заради стекнување на поголема имотна корист или вредност за себе или некој друг, при исплатата на личните примања и другите приходи на кои данокот се плаќа по одбивка, не го пресмета и не го уплати данокот на соодветната сметка, ќе се казни за кривично дело со казна затвор од шест месеца до пет години и со парична казна.

Ако износот на обврската од ставот 1 на овој член е значителен, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години и со парична казна.

Ако делото од ставот 1 на овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна.”

Член 11

Во членот 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија“ број 120/2005), годината “2008” се заменува со годината “2009”.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.